Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлука

1. Се прогласува Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на административните службеници за 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09-3019/1
26.12.2024 г.
М.Каменица

Градоначалник
Димчо Атанасовски с.р

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24, 210/24) и член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.84/20, 202/24) а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Македонска Каменица („Службен гласник на општина Македонска Каменица“ број 20/19, 38/20, 33/24) Советот на општина Македонска Каменица на 47та седница на Совет одржана на ден 26.12.2024 година донесе:

Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на

административните службеници за 2025 година

Член 1

Со оваа одлука се утврдува вредноста на бодот на платите на административните службеници во општина Македонска Каменица за 2025 година.

Вредноста на бодот на платите на административните службеници за 2025 година во општина Македонска Каменица изнесува 81,60 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“, а ќе се применува со исплатата на плата за јануари 2025 година.

Бр. 08-3020/1
26.12.2024 г.
М.Каменица

Совет на општина М.Каменица
Претседател
Анета Стојчевска с.р